# „Перото е подигнато (не запишува) за тројца: за оној што спие сѐ додека не се разбуди, за детето сѐ додека не достигне зрелост и за лудиот сѐ додека не се освести.“

Али, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Перото е подигнато (не запишува) за тројца: за оној што спие сѐ додека не се разбуди, за детето сѐ додека не достигне зрелост и за лудиот сѐ додека не се освести.“
[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي في الكبرى وابن ماجه وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека шеријатската обврска (теклиф) важи за сите луѓе потомци на Адем, освен за тројца: Детето сѐ додека не порасне и не стане полнолетно. Лудиот, кој го загубил разумот, сѐ додека не му се врати. Оној што спие сѐ додека не се разбуди. За нив обврската е укината, па нивните гревови не им се запишуваат. Сепак, добрите дела на детето му се запишуваат, но не и на лудиот и тој што спие, бидејќи тие не се во состојба да извршуваат исправно ибадет поради недостаток на свест.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee